

Д-р Билјана Трајковска е доцент на Факултетот за биотехнички науки, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола, Македонија. Докторирала во 2017 година на Факултетот за биотехнички науки – Битола на тема “ Фактори кои влијаат врз концентрацијата на лактоферин во млекото добиено од крави” и се стекнала со звањето доктор на биотехнички науки. Реализирала повеќе престои на престижни академски институции во странство, од кои се издвојуваат: College of Health and Biomedicine, Victoria University, Melbourne, Australia; The International School of Agricultural Sciences of the Hebrew University of Jerusalem's Robert H. Smith Faculty of Agriculture, Food & Environment, Israel.

Од 2012 година работи на Факултетот за биотехнички науки, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола, Македонија. Во 2017 година е избрана во сегашното звање доцент. Вклучена е во изведување на наставата на прв, втор и трет циклус на студии, како и ангажман во лабораторијата на факултетот како аналитичар. Автор е на голем број на публикации, како и учество на бројни научни собири, конференции, летни школи и семинари во земјата и странство. Покрај тоа, автор е и на два интерни практикуми. Досега учествувала во поголем број на научно истражувачки проекти како соработник, од кои позначаен е ангажманот на раководител на проектот “Намалување на ризик факторите на млечните фарми со цел подобрување квалитетот на млекото и млечните производи” (2018-2021). Се користи и добро го познава англискиот јазик има меѓународни сертификати Cambridge Certificate of Preliminary English и Aptis British Council за положен англиски јазик.